Дневни билтени



## Извадок на дел од дневни настани 02.01.2019

На 01.01.2019 година во 17,20 часот било пријавено дека на патниот правец Тетово-с.Брвеница, патничко моторно возило „БМВ“ со тетовски регистерски таблици, управувано од А.А.(22) од Тетово, удрило во велосипед управуван од З.С.(61) од с.Долно Седларце-тетовско. Во незгодата на местото на настанот починал велосипедистот. Извршен бил увид од страна на Јавен обвинител и увидна екипа од СВР-Тетово. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 12,00 часот било пријавено дека во Крива Паланка, на магистралниот пат Куманово- Крива Паланка, патничко моторно возило

„Опел корса" со кратовски регистерски таблици, управувано од Е.Г.(45) од Крива Паланка, удрило во паркирано товарно моторно возило „Ивеко" со бугарски национални ознаки, паркирано од З.Р.(52) од с.Петралница-Ранковце. Во незгодата Е.Г. се здобил со тешки телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Здравствениот дом "Крива Паланка", а потоа во комплексот клиники "Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 02.01.2019 година во 01,20 часот било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар-Маврово кај Новоселски Мост–с.Ново Село патничко моторно возило „Нисан" со српски национални ознаки управувано од Ф.И.(32) од Р.Србија, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Медицинскиот центар во Гостивар, а потоа во комплексот клиники "Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Гостивар. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 21,05 часот било пријавено дека во Куманово на крстосницата од улицата "100" и улицата "146", се случила сообраќајна незгода помеѓу моторцикл „Априлиа" со кумановски регистерски таблици, управуван од Ф.С.(22) од Куманово и патничко моторно возило „Форд Фокус" со кумановски регистерски таблици, управувано од А.Б.(28) од Куманово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил моторциклистот, кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Општата болница во Куманово. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Куманово. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година околу 02,10 часот во СВР-Скопје било пријавено дека на булеварот "Јане Сандански" патничко моторно возило "Мерцедес" удрило во пешак М.Ц.(40) од Скопје, по што го напуштил местото на настанот. По незгодата пешакот со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" каде од страна на лекар констатирани му биле тешки телесни повреди. Извршен бил увид од страна на СВР-Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 17,40 часот на излез од Р.Македонија на Граничниот премин "Меѓународен аеродром Скопје" по извршена пасошка контрола од страна на полициски службеник на лицето В.Б.(37) од Алжир, кој бил со словачка патна исправа, поради постоење основи на сомнение дека истата била фалсификувана бил приведен во полициска станица за понатамошна постапка.

На 01.01.2019 година во 19,45 часот било пријавено дека на железничката пруга во Прилеп, кај стојалиште Слепче, патнички воз кој сообраќал на релација Битола-Скопје, наишол на поставени предмети на средина на пругата. Возот застанал и поминал без оштетување и во 20,40 часот го

продолжил движењето кон Скопје. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 22,15 часот во СВР-Скопје С.Н.(27) од Скопје, пријавил дека истиот ден околу 21,40 часот на плоштад Македонија, во угостителски објект, каде истиот е вработен како келнер, бил физички нападнат од страна на едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 03,50 часот во СВР-Скопје С.Г.(20) од с.Кучевиште-скопско, пријавил дека истиот ден околу 03,30 часот на булеварот "Кузман Јосифовски – Питу" пред ноќен клуб заедно со негов другар биле физички нападнати од страна на лицето С.Д.(25) од Скопје. Против напаѓачот е поднесен соодветен поднесок.

На 01.01.2019 година во 19,30 часот во Полициската станица Карпош Н.Б.(18) од Скопје, пријавил дека истиот ден околу 01,30 часот, пред угостителски објект бил физички нападнат од страна на неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 13,20 часот во СВР-Тетово Х.Д.(29) од Тетово пријавил дека истиот ден околу 11,00 часот во угостителски објект бил физички нападнат од страна на Н.Р.(41) од с.Стримница кој бил заедно со А.Р.(44). Се преземаат мерки за расчистување на слуачјот.

На 01.01.2019 година во 06,45 час во СВР-Куманово Ч.С.(42) од Куманово пријавил дека истиот ден околу 04,30 часот на улицата "Гоце Делчев" неговиот 17 годишен син, кој бил заедно со неговите другари, од страна на непознато лице бил удрен со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 07,30 часот во СВР-Скопје Ј.К.(19) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 03,00 часот додека се наоѓал во угостителски објект на плоштад Македонија заедно со негови другари во еден момент дошло до недоразбирање со менаџерот на угостителскиот објект околу подмирување на сметката. Надвор од објектот настанала расправија и во еден момент Д.А. (50) од Скопје, лице од обезбедувањето, извадил пиштол и им упатувал навреди. По целосното расчистување на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.01.2019 година во 20,30 часот С.Р.(38) од Скопје пријавил дека на паркинг на ул. „Ресенска" од залутано зрно оштетен бил ретровизорот од неговото возило „Ауди 4". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 03,30 часот во Полициската станица Виница Д.Ц.(25) од с.Градец-Виница пријавил дека истиот ден околу 03,00 часот пред ресторан лоциран на улицата "Маршал Тито" во Виница бил физички

нападнат од страна на И.П. од Виница. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во СВР Велес Х.К.(22) од Велес пријавил дека истиот ден околу 02,00 часот од страна на Ј.Л.(23) и Б.С.(35), вработени како обезбедување во дискотека лоцирана на улицата "Алексо Демниевски", бил противправно лишен од слобода, при што бил однесен во магацинскиот простор кој се наоѓал во склоп на дискотеката, каде му упатиле закани и потоа го пуштиле да си оди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 16,20 часот во СВР-Скопје И.Г.(27) од Скопје, пријавил дека истиот ден околу 15,30 часот на улицата "Коце Металец" во спортска обложувалница бил физички нападнат од А.Б. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 09,18 часот М.Ч.(55) пријавил дека на паркинг на ул. "Кресна" во Скопје неговото возило "Мерцедес" било оштетено во пределот на предното ветробранско стакло и едно од седиштата од залутано зрно. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 03,30 часот во СВР-Скопје такси возач С.С.(58) пријавил дека истиот ден околу 01,30 часот во с.Арачиново од страна на три лица откако претходно му рекле да ги превезе до Куманово извршено му било разбојништво и одземени му биле околу 400 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2019 година во 23,45 часот било пријавено дека на улицата "Никола Тесла" во Скопје е опожарено во пределот на моторот возило "Ауди", сопственост на П.Б. од Скопје. Извршен е увид.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe

tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)